# Систем за надзор на примената на меѓународните стандарди на трудот и неговото влијание на националното законодавство

Емил Крстановски

Меѓународна организација на трудот

# МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ НА ТРУДОТ

- КОНВЕНЦИИ
  - Примена ( усогласување, давање ефект, казни, информирање)
  - Надзор над примената
  - Флексибилност
- ПРОТОКОЛИ како алатка за флексибилност
- ПРЕПОРАКИ како насока и инспирација
- ДЕКЛАРАЦИИ како формална и авторитативна изјава

# МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ НА ТРУДОТ И МАКЕДОНСКОТО ТРУДОВО ЗАКОНОДАВСТВО

- Ратификувани конвенции
- Значењето на Конвенција за трипартитни консултации (меѓународни стандарди за труд), 1976 г. (бр. 144)
- Нератификувани конвенции

# СИСТЕМ НА НАДЗОР НА ПРИМЕНАТА НА МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ НА ТРУДОТ

- **Редовен систем на надзор**, кој ги испитува периодичните извештаи  поднесени од државите членки на МОТ за мерките кои ги презеле за имплементација на одредбите од ратификуваните конвенции.
- **Специјални процедури**, процедура за претставки и жалби за примената на стандардите, како и специјална процедура за слобода на здружување

# Редовен систем на надзор (1)

- Конференцискиот комитет за примена на стандардите (ККПС) и
- Комитетот на експерти за примена на конвенциите и препораките (КЕПКП).

Значењето на Уставните амандмани од 1946 година:

- Воведувањето обврска секоја земја да **известува за поднесувањето на ново усвоените конвенции и препораки до властите** надлежни за нивно усвојување во соодветната земја;
- Воведувањето обврска земјите членки да поднесат **информации и извештаи по однос на нератификувани конвенции и препораки кога тоа ќе го побара Управниот орган;**
- Воведувањето на обврска земјите членки да ги **поднесат извештаите и препораките согласно член 19 и 22 до репрезентативните организации на работодавачите и работниците.**

# Редовен систем на надзор (2)

- **Опсервации** кои генерално се користат кај посериозни или долготрајни случаи на неуспевање да се исполнат обврските од страна на земјата членка на МОТ и кои со текот на годините стекнале значајна морална сила.
- **Директните барања кои** му овозможуваат на Комитетот да се вклучи во постојан дијалог со владите.
- Специјални забалешки ( „ дупли фусноти“) сериозни и итни случаи во кои се бара да се достави информација до конференцискиот комитет.
- **Итни жалби ( urgent appeals)** во случај не испраќање извештај, не одговарање по опсервации и повторени барања по однос на легислатиата.
- Политичкото влијание на Конференцискиот комитетт

# Редовен систем на надзор (3)

- **Случаи од интерес**, случаи во кои има доволен напредок за да се оправда очекувањето за понатамошен напредок кој ќе се постигне во иднина и во однос на кои Комитетот на експерти ќе сака да го продолжи дијалогот со владата и социјалните партнери.
- Комитетот изразува **задоволство во случаите**, кога после коментарите кои ги направил по одредено прашање, владите презеле мерки или со носење на нова легислатива, или со измена на постојната легислатива или со значајна промена на националната политика или пракса, доведувајќи до потполна усогласеност со нивните обврски според соодветната конвенција

# Специјални процедури

- Согласно **членовите 24 и 25** од Уставот на МОТ, било која организација на работодавачи или на работници може да поднесе **претставка за било која држава членка**, во однос на необезбедување на примена на одредена конвенција која ја ратификувала.
- Формирање на **трипартитен комитет** или упатување на **Комитетот за слобода на здружување**
- Согласно **член 26** од Уставот на МОТ, секоја земја членка има право да поднесе **жалба** до Меѓународната канцеларија на трудот доколку не е задоволна како било која друга земја членка ја почитува било која конвенција која двете земји ја ратификувале.
- Формирање на Комисија за истрага

# Комитетот за слобода на здружување

- Трипартитно тело на Управниот орган на МОТ.
- Жалби можат да се поднесат без разлика дали засегнатата држава ги има ратификувано конвенциите од областа на слободата на здружување.
- Со самото тоа што државата се зачленила во Меѓународната организација на трудот, го прифатила принципот на слобода на здружување.
- Комитетот има целосна слобода на одлучување дали една организација може да се смета за организација на работодавачи или на работници во смисла на Уставот на МОТ и воопшто не се смета за обврзан со националното дефинирање на истите.

# СИСТЕМ НА НАДЗОР И УЛОГАТА ВО МАКЕДОНСКОТО ТРУДОВО ЗАКОНОДАВСТВО  (1)

- Неисполнување на уставните обврски
- Опсервации и директни барања по однос на примената на Конвенцијата бр.87
  - правото на штрајк ( траење) и со тоа поврзаните дисциплински мерки
  - распуштање на организација
  - број на членови
  - имот на синдикатот

# СИСТЕМ НА НАДЗОР И УЛОГАТА ВО МАКЕДОНСКОТО ТРУДОВО ЗАКОНОДАВСТВО (2)

- Опсервации и директни барања по однос на примената на Конвенцијата бр.98

  - 33% праг за репрезентативност

  - критериуми за формирање одбор за преговори

  - јасни процедури за определување на репрезентативноста

# Случаи пред Комитетот за слобода на здружување

- Сојуз на работодавачи ( 1998 година, 2001 година, 2005 година)
- Независен синдикат на новинари и медиумски работници (2012 година)

# Позначајни актуелни случаи

- Законот за основно образование од 2014 година, Законот за средно образование од 2014 година, потоа новиот Закон за основно образование од 2019 година, кои содржат одредби спротивни на Конвенција за слободата на здружување и заштита на правото на организирање, 1948, (бр.87). Одредбите се однесуваат на правото на штрајк и предвидената замена на работниците на штрајк.
- Поднесувањето на 27 инструменти до Собранието на Републиката .

# Заклучок

- Низ примерите од Македонија, покажавме како системот за надзор влијаел врз позитивните промени и процеси во македонското трудово законодавство во изминативе две децении.
- Дијалогот помеѓу македонските власти и телата за надзор на МОТ, иако не секогаш идеален, доведе со унапредување на законската рамка и унапредување на трудовото прво.
- Тоа ни дава за право да заклучиме дека предизвиците кои ги претставуваат моментално отворените случаи, но и било кои идни случаи,  ќе бидат решени на задоволителен начин.
- Усогласувањето со конвенциите и препораките на МОТ , кои претставуваат минимални стандарди во областа на трудот, е неопходниот минимум за секоја држава која ја гради својата иднина врз принципите на демократија и социјална правда.
- Позитивните резултати кои се постигнати  во делувањето на системот на надзор на МОТ мора да се оценуваат во контекст на целокупниот механизам на МОТ, во кој постои баланс помеѓу техничките нивоа и политичките нивоа на делување.
- Тој баланс овозможува МОТ да влијае врз земјите членки, иако на располагање нема ништо повеќе од силата на аргументите и меѓународно прифатените норми.
- Понекогаш, процесот на промени кој го предизвикуваат одлуките на телата на МОТ делува споро, но скоро секогаш има позитивен исход.

# ВИ БЛАГОДАРАМ ЗА ВНИМАНИЕТО